# ПРИЛОЗИ

Ѓорѓи ДИМОВСКИ-ЦОЛЕВ

## ПРИДОНЕС НА СЕЛОТО ЦАПАРИ (БИТОЛСКО) ЗА „ИЛИНДЕНСКАТА ЕПОПЕЈА“

На падините на Пелистер (Баба Планина) лево од патот Битола—Ресен, на околу 16 километри оддалеченост од Битола, се наоѓа селото Цапари. Постоењето на селото е дамнешно. За постанокот на истото постојат легенди, а исто така се споменува и во турските документи од XVII век[1]).

Жителите на Цапари, долги години обесправени и тероризирани од османлиската власт, за оживотворување на своите идеали — слободен, национален, економски и културен живот, ја прифатиле ТМОРО т.е. нејзината програма.[2])

Организацијата во Цапари била оформена кон 1898 година на следниов начин. Во споменатата година Стојан Донски и Славејко Арсов дошле во селото со натоварени коњи со комова ракија, киселина и вино. Пред населението се претставиле како трговци. Откако се распрашале и дознале дека во селото нема Турци, се сретнале со месниот учител Симон Трајков. Со Симона поразговарале за организациони работи. По една недела повторно дошле дејци на Организацијата, но овој пат Стојан Донски и Даме Груев. Во меѓувреме учителот Симон Трајков успеал да придобие околу 20—30 лица спремни да работат за Организацијата. Сите придобиени зеле заклетва но не сите наеднаш, туку во групи од по петмина или осуммина заедно, во визбата на Спире Трајков. Набргу бројот на организираните се зголемил и тоа предимно од млади луѓе. Било фор-

---

1) Во документите покрај другото се споменуваат ајдутите Беле, Јоле и сестра му Кира сите од Цапари. Д-р Александар Матковски: „Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија (1620—1650) книга I, Скопје, 1961 г., и книга II, Скопје, 1961 год.

2) Во литературата и изворниот материјал сосем малку скоро ништо не се споменува за формирањето и делувањето на Организацијата во селото Цапари. Таа празнина ја надополнуваме со усните искажувања на преживеаните членови на ТМОРО од селото (Коле Китин, Ристе Зенгов, Стојан Веловски, Ѓорѓи Вутичовски, Мара Петкојчина, Паско Ѓиковски, Софија Каранфилова, Илинка Коликоњарова, Тасе Урдаров, Атанас Христовски и Науме Шопов). На сите им должам благодарност за дадените искази и појаснувања.

мирано и раководно тело, наречено „КОМИТЕТ". Него го сочинувале: Симон Трајков, Ристе Сазданов, Поп Најдо Ставрев-Обетков и Ристе Јовев — сите од Цапари. Членовите на Комитетот, односно раководното тело на ТМОРО во селото Цапари си поставило за задача да ги придобие и постарите лица од селото за Организацијата. За таа цел отпочнале постапно да ги запознаваат со целите на ТМОРО прво побунтовните цапарчани, а потоа и другите. Откако бројот на приврзаниците нараснал во 1902 година- во Цапари дошле повеќе војводи. Тогаш организираните спровеле успешна ненаметлива агитација да дојдат и постарите во селската црква. Таму, по богослужбата, било зборувано за Организацијата за која некои првпат чуле, а некои веќе биле нејзини членови. Така, постепено Организацијата во селото Цапари набргу станала масовна. Нејзината масовност се огледала и во нејзината дејност. Имено, поглавните акции биле насочени кон прибирање на членскиот внос (еден грош од член), одржување на врски со соседните села (Облаково, Смилево, Српци — горно), купување на оружје и сл.[3]) Напоредно со секојдневното ангажирање на цапарчани во извршувањето на задачите, поставени од Организацијата, во врвот на истата дошло до одржувањето на Солунскиот конгрес, на кој било донесено и решението да се крене востание, а потоа согласно решението да се одржат окружни конгреси. Во селото Смилево се свикал конгрес на Организацијата за Битолскиот револуционерен округ. Додека во Смилево траеле заседанијата на конгресот, во Цапарскиот синор, на 6 мај 1903 година (Ѓурѓовден), ненадејно дошло до вооружен судир меѓу силите на Организацијата и турска војска.[4]) За настанот во Цапари се дознало и на конгресот во с. Смилево поради што тој времено прекратил со работа. Тогаш војводите Ѓорѓи Сугарев, Ѓорѓи поп Христов и Јордан Пиперката со стотина борци заминале на помош на силите на Организацијата кон Цапари. Меѓутоа, кога тие стигнале до село Ѓавато, борбата во Цапари веќе била завр-

---

[3]) Организацијата во Цапари купувала оружје од Шабан — Албанец по националност од село Кажани и на служба во османлиската власт како заптија. Тој претходно добивал пари од Организацијата, потоа одел во Албанија од каде што го купувал оружјето, а потоа му го предавал на членот на селскиот Комитет — Ристе Сазданов.

Некои членови на Организацијата од с. Цапари како, на пример, Коле Китин вршеле услуги на Градскиот (битолски) комитет на тој начин што носел сокриени пушки во дрвениот јаглен (во вреќите) што ги купувал од Горица и истите му ги предавал на Кирчо Ѕвончарот во Битола.

Во Цапари оружје носеле и неколку Албанци од Гостиварско како и еден од Дебар. Види: Симовски Тодор „За учеството на малцинствата во Илинденското востание", Илинденски зборник 1903—1953, Скопје, с. 203.

[4]) Подетално за борбите види: Димовски-Цолев Ѓорѓи „Пелистерските битки пред и по Илинденското востание", „Прилози", Битола, 1968, бр. 9, с. 57—61.

шена. Во оваа борба од Цапари загинале единаесет мажи и една жена, а од други места еден борец (Гоше Кажанчето — од с. Кажани — Битолско). Имињата на загинатите се следниве:

1. Софка (Цоца) Танчева
2. Аце Димев
3. Апостол Зенгов
4. Јоне Зенгов
5. Тодор Булев
6. Мијал (Мише) Булев син на Тодор Булев
7. Саздан Сазданов
8. Стојче Сазданов
9. Станко Кочов Каткаров
10. Спире Сазданов
11. Темелко Зенгов
12. Ташко Дилев

По завршувањето на борбата со цел да го застраши населението од Цапари и да го казни за неговото учество во борбите против турската војска, османлиската власт ги испратила во Дијар Бекир следниве лица:

1. Јанко Бечваров
2. Јонче Улавчев
3. Ристе Порков
4. Ристе Наумчев
5. Спире Бечваров
6. Толе Капинков
7. Насе Гечев
8. Гоце Шепентулев
9. Митре Црцов (Настев)
10. Насе Јанков Бечваров

— сите од Цапари. Од сите наведени првите шестмина не се вратиле. Изумреле на заточение, додека останатите во време на Хуриетот 1908 година биле амнестирани и се вратиле во селото.

Споменативе настани на Организацијата во с. Цапари ѝ нанесле големи удари со тоа што таа изгубила дел од членството. Меѓутоа, истата не ја прекратила својата револуционерна дејност. Напротив, селото Цапари и понатаму останало главен бастион на ТМОРО во Пелистерскиот реон со кого на Смилевскиот конгрес бил определен да раководи Ѓорѓи Сугарев. Во склопот на општите подготовки за востанието, членовите на Организацијата во Цапари согласно инструкциите на Сугарев направиле скривница, воедно и склад со брашно. Исто така во месноста „Мадеми“ цапарчани биле обучувани во ракување со оружје, биле запознавани со тактиката на војувањето и сл. Таму тие на повеќе пати ги слушале и говорите на Парашкев Цветков кој на Смилевскиот конгрес бил определен за инструктор во реонот. Во општиот подем на подготовки за востание од Катерино дошле доста цапарчани (и други) — печалбари за да земат учество во истото.

Додека биле вршени сите подготовки во цапарскиот синор пак ненадејно на 14 јули 1903 година дошло до поголем судир

меѓу турски сили и четата на Анастас Лозанчев (член на востаничкиот штаб — избран на Смилевскиот конгрес). Судирот дошол како резултат на предавство.[5]) Во него борците дале девет жртви меѓу кои и членови на селското раководно тело на Организацијата, имено: учителот Симон Трајков, Ристе Сазданов, попот Ставре Најдов-Обетков и Ристе Јовев. Останатите што загинале во борбите се:

1. Боше поп Димитров од Битола
2. Боше Смилевчето од с. Смилево
3. Китан Битолчанецот од Битола
4. Миха Смилевче од с. Смилево
5. Ристе Битолчанчето од Битола

или вкупно од Цапари 4, од Битола 3 и од с. Смилево 2 лица.

И покрај загинувањето на раководното тело на ТМОРО во с. Цапари кај членовите на Организацијата не се јавило некоја малодушност или пасивизирање. Членството и понатаму си останало „верно на клетвата". Тоа се покажало и на дело кога на денот на востанието селото дало околу 170 борци-востаници под оружје кои во текот на Илинденското востание зеле учество во повеќе борби (Ѓавато, Смилево, Кажани, Слепче, Цер, Вирово, Слоештица и други места). Во една од поголемите борби[6]) што се одиграла во цапарскиот синор на 22 септември 1903 година, во нерамната борба загинале 52 востаници од кои најбројни биле мештаните — цапарци. Нивните имиња се:

1. Ацко Трајков од с. Базерник
2. Апостол Огненов од с. Ѓавато
3. Апостол Тноков од с. Цапари
4. Ангеле Калинин-Мајсторчето од с. Цапари
5. Аце Кривенчето од с. Кривени
6. Вангел Танчев од с. Цапари
7. Вангел К. Велов од с. Цапари
8. Васил Јончев Иванин од с. Цапари
9. Ѓорѓи Дилев од с. Цапари

---

[5]) За предавството и казнувањето на предавниците од страна на Организацијата забележал и австрискиот конзул во Битола, А. Крал. Види: Зографски Данчо „Извештаи од 1903—1904 год. на австриските претставници во Македонија", Скопје, 1955, с. 50—51, и Димовски-Џолев Ѓорѓи „Пелистерските битки . . .", с. 57—61.

[6]) На мислење сме дека освен споменативе двајца цапарчани има и други лица од селото што загинале на други места.

10. Димитар Василов од с. Цапари
11. Илија Шепентулев од с. Цапари
12. Јоне Гошев Китанов од с. Цапари
13. Јанаки Магаровчето од с. Магарево
14. Јоне Симонов Чурлев од с. Цапари
15. Коле Танчев од с. Цапари
16. Косте Наумчев од с. Цапари
17. Коле Трајков од с. Цапари
18. Лазе Јов. Илиев-Илинкин од с. Цапари
19. Ламбо Магаровчето од с. Магарево
20. Лазе Дамевски од с. Цапари
21. Лазе Јончев Иванин од с. Цапари
22. Лазе Митрев Станин од с. Цапари
23. Мијал Дупешов од с. Цапари
24. Марко Ташков Китинов од с. Цапари
25. Мијал Гондев од с. Цапари
26. Митре Дамевски од с. Цапари
27. Марко Гиков од с. Цапари
28. Марко Ласков од с. Цапари
29. Коле Р. Кукулов од с. Цапари
30. Науме Ангелков од с. Цапари
31. Науме Гиков од с. Цапари
32. Науме Нечаков од с. Цапари
33. Најдо Илков од с. Цапари
34. Науме Трајков од с. Цапари
35. Науме Јамандилов од с. Цапари
36. Петре Зенгов од с. Цапари
37. Петре Дилев од с. Цапари
38. Петре Ванев Велојчин од с. Цапари
39. Ристе Трајанов Тошаков од с. Цапари
40. Ристе Дон. Бечваров од с. Цапари
41. Ристе Ачев од с. Цапари
42. Ристе Најдов Калинин од с. Цапари
43. Спире Шиканов од с. Цапари
44. Стефан Кузев Нечаков од с. Цапари
45. Стојче Мицаков од с. Цапари
46. Спире Каранфилов од с, Цапари
47. Стојче Р. Крстев од с. Цапари
48. Стојче Ристев Шетков од с. Цапари
49. Тасе Дончов од с. Цапари
50. Тодор Белиго од Битола
51. Трајан Роканчев од с. Ѓавато
52. Ташко Трајков од с. Цапари

Општо земено во оваа борба загинале 45 лица од с. Цапари и 7 лица од други места.

Во други борби, на други места загинале цапарчаните:

1. Ване Кукулов — кај Слепченскиот манастир
2. Поп Димитар Петров Грозданов — кај с. Ѓавато и др.[7])

По неуспехот да се здобијат со толку очекуваната и саканата слобода востаниците, согласно наредбата на Штабот, се брибрале по своите домови. Макотрпниот живот им продолжил. Еден дел од населението на Цапари и понатаму продолжил да се занимава со печалбарење. Добар дел од нив заминувале на работа во разни краеви, а некои како и пред востанието во Катерино. Меѓутоа, во новонастанатите услови вооружените пропаганди не ги оставале на мара ниту во селото, ниту во Катерино каде што имало приличен број цапарчани-печалбари. Таму (Катерино) една грчка вооружена чета извршила нечовечки масакр врз печалбарите од Цапари, само затоа што истите се чувствувале Македонци и не отстапувале туку ѝ останале верни на Организацијата. Во Катерино ги изгубиле животите 16 лица — сите од с. Цапари и тоа:

1. Ване Дупешов
2. Вангел Капинков
3. Васил Керемелев
4. Спире Мишев
5. Симче Трајков
6. Науме Дуртанов
7. Коле Прќев
8. Лазе Кукулов
9. Мијал Капинков
10. Петре Дупешов
11. Петре Дојкин
12. Петре Кукулов
13. Петре Порков
14. Трпе Станин
15. Трајче Гошев Прќев
16. Филип Кукулов.

Населението на Цапари не ги заборавило своите соселани и другите борци кои загинале на 22 септември на Пелистер. Користејќи ја можноста за време на Хуриетот (1908 год.) ги собрало коските на загинатите на едно место и им подигнало споменик — спомен плоча (надгробна) врз која се врежани имињата на загинатите. Нив, секоја година (па и за време на стара Југославија), цапарчанката Мара Петкојчина по христијанскиот обичај на верскиот празник Дуовден ги спевала. Благодарение на тоа многу лица од тој период ѝ останале во сеќавање и при правењето на овој преглед, таа ни помогна да ги одбележиме имињата уште на четири лица кои своевремено не биле забележани на надгробната плоча.

Во знак на благодарност кон сите борци и невини жртви за време на Илинденската епопеја, а исто така и кон загинатите во НОБ, месното население по ослободувањето им подигна убав споменик со спомен-плочи во кои се врежани имињата на сите загинати од Цапари како и на оние лица од други места кои загинале на цапарски синор.

---

[7]) Види: Димовски-Цолев Ѓорѓи „Пелистерските битки...", с. 57—61.